470.

Врз основа на член 36 став 3 на Законот за тутун и тутунски производи („Сл.весник на Република Македонија” бр.24/06), министерот за економија донесува

## ПРАВИЛНИК ЗА УСЛОВИТЕ ЗА ИЗВОЗ И УВОЗ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Со овој правилник се пропишуваат условите кои треба да ги исполнат правните лица кои вршат извоз и увоз на тутунски производи во поглед на магацинскиот простор и опремата за складирање на тутунските производи.

Член 2

Магацинот на готови производи е објект, односно просторија во која се врши превземање, чување и припрема на тутунските производи за непречено одвивање на извозот или/и увозот и нивна дистрибуција на пазарот во согласност со одредбите од Законот за акцизите.

Член 3

Магацинот треба да е изграден од цврст материјал во согласност со прописите за планирање и изградба на објекти.

Член 4

Магацинот треба да има манипулативен простор за непречен истовар и утовар на тутунските производи и опрема за превземање и сортирање на тутунските производи по видови и марки, односно уредно складирање на истите.

Член 5

Магацинот треба да има хигиенски исправна вода, природно или вештачко осветлување и проветрување и опрема за сместување на тутунските производи на начин кој овозможува непречен пристап и заштита на производите од загадување и од штетни влијанија врз квалитетот и исправноста на производите.

Член 6

Магацинот има еден или повеќе влезови за корисниците и обезбедени услови за непречен дотур и отпрема на тутунските производи.

Член 7

Од опрема правното лице кое врши извоз и увоз на тутунски производи треба да има рачна количка или друго средство за утовар и растовар.

Член 8

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен весник на Република Македонија”.

Бр.10-660/6
8 март 2007 година
Скопје

Министер,
**Вера Рафајловска**, с.р.

---

471.

Врз основа на член 39 став 3 на Законот за тутун и тутунски производи („Сл.весник на Република Македонија” бр.24/06), министерот за економија донесува

## ПРАВИЛНИК ЗА СОДРЖИНАТА, ОБЛИКОТ И НАЧИНОТ НА ВОДЕЊЕ НА ЕВИДЕНЦИЈАТА ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО, ИЗВОЗОТ, УВОЗОТ И ЗАЛИХИТЕ НА ТУТУНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ КАКО И НА ИЗВЕСТИЕТО ЗА СОСТОЈБИТЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО, ИЗВОЗОТ, УВОЗОТ И ЗАЛИХИТЕ НА ТУТУНСКИТЕ ПРОИЗВОДИ

Член 1

Со овој правилник се пропишува содржината, обликот и начинот на водење на евиденцијата за производството, извозот, увозот и залихите на тутунските производи, како и на известието за состојбите за производството, извозот, увозот и залихите на тутунските производи.

Член 2

Производителите на тутунски производи водат евиденција за производството, извозот, увозот и залихите поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи кои се произведуваат, извезуваат, увезуваат и ставаат во промет во Република Македонија.

Увозниците/Извозниците на тутунски производи водат евиденција за увозот/извозот и видот на увезени/извезени тутунски производи.

Член 3

Евиденцијата за производството, извозот, увозот и залихите на тутунските производи се води на образец со формат А4 во бела боја.

Образецот на евиденцијата за производството, извозот, увозот и залихите на тутунските производи треба да ги содржи следните податоци:

- назив на правното лице и единствен матичен број на субјектот
- залихи поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи за сопственото и нарачаното/договореното производство на почетокот на месецот;
- произведени количини поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи во одделниот месец;
- извезени количини поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи во одделниот месец;
- увезени количини поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи во одделниот месец;
- продадени и испорачани количини на домашниот пазар поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи во одделниот месец ;
- залихи поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи на крајот на одделниот месец.

Образецот на евиденцијата за производството, извозот, увозот и залихите на тутунските производи е даден во Прилог 1 кој е составен дел на овој правилник.

Член 4

Евиденцијата на увозот/извозот на тутунски производи се води на образец со формат А4 во бела боја.

Образецот на евиденцијата на увозот/извозот на тутунски производи треба да ги содржи следните податоци:

- назив на правното лице и единствен матичен број на субјектот
- залихи поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи во сопственост на увозникот/извозникот на почетокот на одделниот месец;
- увезени количини поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи во одделниот месец;
- извезени количини поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи во одделниот месец;
- продадени и испорачани количини на домашниот пазар поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи во одделниот месец;
- залихи поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи на крајот на одделниот месец.

Образецот на евиденцијата на увозот/извозот на тутунски производи е даден во Прилог 2 кој е составен дел на овој правилник.

Член 5

Известието за состојбите за производството, извозот, увозот и залихите на тутунски производи се води на образец со формат А4 во бела боја.

Образецот на известието за состојбите за производството, извозот, увозот и залихите на тутунски производи треба да ги содржи следните податоци:

- назив на правното лице и единствен матичен број на субјектот
- залихи поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи за сопственото и нарачаното/договореното производство на почетокот на извештајниот период;
- произведени количини поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи;
- извезени количини поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи;
- увезени количини поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи
- продадени и испорачани количини на домашниот пазар поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи;
- залихи поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи на крајот на извештајниот период.

Образецот на известието за состојбите за производството, извозот, увозот и залихите на тутунски производи е даден во Прилог 3 кој е составен дел на овој правилник.

Член 6

Известието за состојбите за увозот/извозот и видот на увезени/ извезени тутунски производи се води на образец со формат А4 во бела боја.

Известието за состојбите за увозот/извозот и видот на увезени/ извезени тутунски производи ги содржи следните податоци:

- назив на правното лице и единствен матичен број на субјектот
- залихи поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи во сопственост на увозникот/извозникот на почетокот на извештајниот период;
- увезени количини поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи;
- извезени количини поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи;
- продадени и испорачани количини на домашниот пазар поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи;
- залихи поединечно за секоја марка на цигари и збирно за тутунските производи на крајот на извештајниот период.

Образецот на известието за состојбите за увозот/извозот и видот на увезени/ извезени тутунски производи е даден во Прилог 4 кој е составен дел на овој правилник.

Член 7

Евиденцијата за производството, извозот, увозот и залихите на тутунските производи се води рачно и во електронска форма.

Член 8

Производителите на тутунски производи и увозниците/извозниците на тутунски производи треба согласно член 39 став 2 од Законот за тутуни тутунски производи два пати годишно до Министерството за економија да достават известие за состојбите за производството, извозот, увозот и залихите на тутунските производи.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен весник на Република Македонија".

Бр.10-660/3
8 март 2007 година
Скопје

Министер,
**Вера Рафајловска**, с.р.

ПРИЛОГ 1

НАЗИВ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ____________________

Единствен матичен број на субјектот ____________________

**ЕВИДЕНЦИЈА ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО ИЗВОЗОТ, УВОЗОТ И ЗАЛИХИТЕ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА МЕСЕЦ ________ 20___ ГОДИНА**

| Ред.бр. | ОПИС | ВКУПНО | Видови на марки на тутунски производи | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Произведени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Увезени количини | | | | | | |
| 5. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 6. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата ________ 20 ___

М.П

____________________
овластено лице

## ДОПОЛНИТЕЛНА СТРАНА ЗА ВИДОВИТЕ НА МАРКИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

| Ред.бр. | ОПИС | Видови на марки на тутунски производи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Произведени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Увезени количини | | | | | | |
| 5. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 6. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата ___________ 20 ___

М.П

_______________________
овластено лице

страна ____

## ДОПОЛНИТЕЛНА СТРАНА ЗА ВИДОВИТЕ НА МАРКИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

| Ред.бр. | ОПИС | Видови на марки на тутунски производи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Произведени количини | | | | | | |
| 3. | Изведени количини | | | | | | |
| 3. | Увезени количини | | | | | | |
| 4. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 5. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата ________ 20 __

М.П

овластено лице

страна ____

ПРИЛОГ 2

НАЗИВ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ
Единствен матичен број на субјектот ____________________

**ЕВИДЕНЦИЈА ЗА УВОЗ/ИЗВОЗ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ**
**ЗА МЕСЕЦ ____________ 20___ ГОДИНА**

| Ред.бр. | ОПИС | ВКУПНО | Видови на марки на тутунски производи | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Увезени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 5 | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата __________ 20 ___ М.П ____________________
овластено лице

ДОПОЛНИТЕЛНА СТРАНА ЗА ВИДОВИТЕ НА МАРКИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

| Ред.бр. | ОПИС | Видови на марки на тутунски производи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | | |
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Увезени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 5. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата __________ 20 ___ М.П ____________________
овластено лице

страна ___

## ДОПОЛНИТЕЛНА СТРАНА ЗА ВИДОВИТЕ НА МАРКИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

| Ред.бр. | ОПИС | Видови на марки на тутунски производи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Увезени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 5. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата .............. 20 ....

М.П

............................................
овластено лице

страна ......

ПРИЛОГ 3

НАЗИВ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ............................................
Единствен матичен број на субјектот ............................................

### ИЗВЕСТИЕ ЗА СОСТОЈБИТЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВОТО, ИЗВОЗОТ, УВОЗОТ И ЗАЛИХИТЕ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ ЗА ____________ ПОЛУГОДИЕ ОД 20___ ГОДИНА

| Ред.бр. | ОПИС | ВКУПНО | Видови на марки на тутунски производи | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Произведени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Увезени количини | | | | | | |
| 5. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 6. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата .............. 20 ....

М.П

............................................
овластено лице

## ДОПОЛНИТЕЛНА СТРАНА ЗА ВИДОВИТЕ НА МАРКИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

| Ред.бр. | ОПИС | Видови на марки на тутунски производи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (по 000 парчиња) | (по 000 парчиња) | (по 000 парчиња) | (по 000 парчиња) | (по 000 парчиња) | (по 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Произведени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Увезени количини | | | | | | |
| 5. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 6. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата ............ 20 ___ М.П ______________ овластено лице

страна ____

## ДОПОЛНИТЕЛНА СТРАНА ЗА ВИДОВИТЕ НА МАРКИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

| Ред.бр. | ОПИС | Видови на марки на тутунски производи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (по 000 парчиња) | (по 000 парчиња) | (по 000 парчиња) | (по 000 парчиња) | (по 000 парчиња) | (по 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Произведени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 3. | Увезени количини | | | | | | |
| 4. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 5. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата ........ 20 М.П ______________ овластено лице

страна ....

ПРИЛОГ 4

НАЗИВ НА ПРАВНОТО ЛИЦЕ ______________
Единствен матичен број на субјектот ______________

**ИЗВЕСТИЕ ЗА УВОЗОТ/ИЗВОЗОТ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ**
**ЗА __________ ПОЛУГОДИЕ ОД 20___ ГОДИНА**

| Ред.бр. | ОПИС | ВКУПНО | Видови на марки на тутунски производи | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Увезени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 5 | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата ______ 20 ___ М.П ______________ овластено лице

**ДОПОЛНИТЕЛНА СТРАНА ЗА ВИДОВИТЕ НА МАРКИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ**

| Ред.бр. | ОПИС | Видови на марки на тутунски производи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 9 | 10 | 11 | 12 | 13 | 14 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Увезени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 5. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата __________ 20 ___ М.П ______________ овластено лице

страна _____

## ДОПОЛНИТЕЛНА СТРАНА ЗА ВИДОВИТЕ НА МАРКИ НА ТУТУНСКИ ПРОИЗВОДИ

| Ред.бр. | ОПИС | Видови на марки на тутунски производи | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) | (во 000 парчиња) |
| 1 | 2 | 15 | 16 | 17 | 18 | 19 | 20 |
| 1. | Почетна состојба на залихи | | | | | | |
| 2. | Увезени количини | | | | | | |
| 3. | Извезени количини | | | | | | |
| 4. | Продадени и испорачани количини на домашен пазар | | | | | | |
| 5. | Крајна состојба на залихи | | | | | | |

Дата .................. 20 ....

М.П

.................................

овластено лице

страна